**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.03.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски (оправдано отсутен, боледување), д-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Иле Петревски од ТВ Алсат, Мевљудин Имери од ТВ 21, Александра Филиповска од ТВ 24 Вести.

Г-дин Петрушевски ја отвори 15 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата нема да присуствуваат г-дин Фиданоски поради повреда на ногата и г-дин Јанчески кој пред два дена преку електронска порака го известил дека на денешен ден ќе биде во странство.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.03.2019 година.
2. Предлог-упатство за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници во Дебар, Ново Село и Охрид 2019.
3. Предлог -политика за медиумска писменост.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 5 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.03.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предложеното Упатство за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници во Дебар, Ново Село и Охрид 2019 година. Пред да започне со воведот, најави техничка корекција во Точка II - РАМНОПРАВЕН ПРИСТАП ВО ВЕСТИТЕ НА МРТ, при што предложи зборовите во реченицата „.. нема да се применува за време на изборните кампањи во 2019 година“ ќе се заменат со „ќе се применува во согласност со одредбите од членовите 75 и 75-а...“. Во врска со Упатството, објасни дека медиумите кои ќе ги покриваат само претседателските избори предвидено е 4 минути да бидат одделени за кандидатот на власта и 4 минути за претседателските кандидати од опозицијата. За локалните медиуми кои ќе ги покриваат само локалните избори, ќе следуваат 4 минути наменети за кандидатите на власта, 4 минути за кандидатите за опозицијата и 1 минута за вонпарламентарните партии и партиите кои што немаат пратенички групи во парламентот. Во случај, локални, регионални или национални медиуми да ги покриваат и локалните и претседателските избори, повторно од 4-те минути наменети за партиите од власта ќе бидат отстапени за кандидатите за градоначалници или за претседателскиот кандидат од власта, 4-те минути за опозицијата ќе бидат наменети за нејзините кандидати за градоначалници и претседателски кандидати и 1 минута за кандидатите на вонпарламентарните партии и партиите кои во парламентот немаат пратеничка група. Понатаму објасни дека спојувањето на платеното политичко рекламирање во два последователни реални часа е можно, но не смее два пати по ред да биде за ист кандидат за претседател или за ист подносител на листи на кандидати за градоначалници. Кај јавниот радиодифузен сервис за претседателските кандидати ќе има 3 часа бесплатно политичко претставување, вкупно 6 часа во двата круга а за градоначалниците 1 час бесплатно претставување на Собранискиот канал.

Г-дин Петрушевски рече дека според него со ова Упатство е направен максимумот, да може и медиумите да имаат сигурност во нивната работа и кандидатите без разлика дали се за градоначалници или за претседател да бидат рамноправно прикажани, балансирано како што пишува во Законот. Со Упатството се допрецизира она што не е прецизно наведено во Изборниот законик и секако е во согласност со него.

Г-дин Фетаи рече дека е во ред Упатството што е направено и со неговото усвојување ќе се исполнат и реализираат на некој начин обврските кои ги налага Законот. Потсети дека Агенцијата излезе со свои забелешки во поглед на одредени недоречености, недоразбирања но што е тука е, процесот тече понатаму и мора Агенцијата и Советот да го дадат придонесот во смисла на медиумите да им се помогне за да што појасно ги знаат нивните позиции за да не го прекршат Законот а

исто така и Агенцијата да може појасно да ги мери нивните обврски ако има отстапувања или не. Во врска со точка IV. ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ, последниот пасус, каде што пишува дека „кандидатот поддржан од партиите на власт може да добие најмногу 4 минути, а кандидатите поддржани од партиите во опозиција можат да добијат најмногу 4 минути само во оние реални часови во кои само едниот од овие кандидати побарал платено политичко рекламирање", праша, бидејќи има два кандидата од опозицијата, доколку случајно едниот од нив не побара платено политичко рекламирање во одреден реален час, како ќе се поделат 4-те минути?

Раководителката Јаневска одговори дека тогаш може другиот да ги земе 4-те минути.

Г-дин Фетаи констатира дека едниот кандидат од опозицијата може да ги земе 4-те минути, доколку едниот не се појави.

Г-дин Петрушевски појасни дека може да биде и 3 минути за едниот кандидат и една за другиот, зависи од нивниот интерес кон одреден медиум. Бидејќи сега се работи за двајца кандидати од опозицијата кои имаат различни целни групи, во јазичен поглед, можеби едниот преферира кон едни медиуми другиот кон други, но сепак времето на еден реален час не смее да надмине 4 минути емитување на платено политичко рекламирање.

Г-дин Фетаи рече дека идејата му била за да не се погреши бидејќи имаше случаи кога не се појавува кандидат за рекламирање и при тоа не може целото време да му се даде на еден кандидат. Претходно беше максимално 50% од времето да му се даде на еден кандидат, а не вкупното време, 100% да го има едниот кандидат, доколку се разбира не се појави другиот. Тоа беше за минатите избори.

Г-дин Трајчевски објасни дека на изминатите избори времето за рекламирање беше 100% поголемо, односно беше 18 минути. Сега се знаат кандидатите, станува збор за тројца кандидати. Ако математички се пресмета, најголема предност има кандидатот на власта бидејќи е само еден. Но тоа е фактичка состојба што не може Агенцијата да ја измени. Реално гледано во проценти, кандидатите од опозицијата ќе добијат помалку време од кандидатот на власта, но тоа не зависи од Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека ова се однесува само за платеното политичко рекламирање. Во останатиот дел медиумите мора да известуваат балансирано за кандидатите.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, објасни дека ставот на Агенцијата е поинаков во однос на платеното политичко рекламирање. И предлозите што ги има дадено за измени во Изборниот законик се во друга насока, дека поинаку треба да се дистрибуира времето за платено политичко рекламирање. Она што е предложено во Упатството е во духот на измените од Изборниот законик направени пред два дена. Ставот на Агенцијата е поинаков односно дека еднакво треба да се дели времето за претседателски избори, вака од старт некој од кандидатите има предност. Измените сѐуште не се објавени во Службен весник, но Собранието ги донесе што значи има политички консензус така да се дели времето.

Г-дин Петрушевски појасни дека не е само во духот на измените, туку и во духот на актуелниот Изборен законик.

Раководителката Јаневска рече дека и во претходната верзија на Изборниот законик беше 4 минути за власт, 4 за опозиција и 1 минута за тие што немаат пратеничка група и за тие што не се претставени во Собранието.

Г-дин Трајчевски рече дека во Предлогот за усвојување на Упатството е наведено дека Собранието пред два дена донесе измени на Изборниот законик, но не се стапени во сила бидејќи Претседателот на државата ги нема потпишано. Дали ќе ги потпише не се знае, а во понеделник почнува изборната кампања. Тоа е земено предвид и затоа е наведено, но медиумите треба да имаат јасни насоки што треба да прават од понеделник, без оглед дали Законот ќе стапи во сила или не. Агенцијата се раководеше по последниот закон кој беше усвоен во февруари оваа година и е на сила. Дали измените на Изборниот законик ќе стапат на сила или повторни ќе бидат вратени во Собрание, ќе покаже времето.

Г-дин Петрушевски дополни дека измените на Изборниот законик што се спомнуваат и што не се потпишани од Претседателот на државата и да се потпишат овој викенд, не влијаат на Упатството бидејќи измените се повеќе за ДИК, како таа ќе ги распределува парите, така што Упатството е во духот и на сегашните измени и на актуелниот Изборниот законик. Никаде во Упатството не е наведено дека се повикува на измените кои не се потпишани. И да се донесат измените тие нема да влијаат на Упатството и на работата на Агенцијата и Советот, тоа е направено да ги опфаќа сите случаи и смета дека доста работи ќе им се појаснат на медиумите. По завршување на оваа седница ќе се одржи првиот јавен состанок и тоа уште еднаш на медиумите ќе им биде објаснето, во насока изборите да бидат правилни, успешни и сите да бидат задоволни и медиумите и граѓаните и кандидатите.

Г-дин Фетаи рече дека и тоа му го ветиле на заменик претседателот на Владата за европски прашања д-р Бујар Османи на состанокот во Агенцијата, дека ќе ги исполнат стандардите. Праша дали ова Упатсво е во координација со ДИК?

Г-дин Трајчевски објасни дека во Изборниот законик кој е сега на сила имаше одредени недоречености кои не се однесуваа на работењето на Агенцијата туку на ДИК. Оттаму барањето на ДИК беше да се потпише заеднички договор со Агенцијата, да имаат ист став и на некој начин да им се помогне на ДИК. Со измените што пред два дена се усвоени во парламентот а не се потпишани сѐуште, се надминуваат проблемите што ги имаше ДИК и не мора да се потпишува заеднички договор бидејќи проблемите што ги имаше ДИК со измените ќе се надминат. Но, начинот на распределба на времето е усогласено со ДИК и разговарано е се претседателот на ДИК така што и нивниот став е ваков.

Г-дин Трајчев рече дека основно е Агенцијата и Советот да го почитуваат Законот кој е на сила, тие измени не се стапени на сила и не влијаат на ова Упатство. Можеби за некои одредби имаат различни ставови индивидуално, и како Совет и како Агенција давале предлози, но во основа тоа што е законска одредба, тоа што парламентот го има донесено, стапило во сила и е објавено и важи за сите, сите се должни да го почитуваат. За ова Упатство е важно да се применува и толкува на начин согласно Законот и да има еднаков пристап спрема сите, да има јасни критериуми и јасни правила за сите радиодифузери, за да знаат како да постапуваат. Од страна на Агенцијата при примената на Упатството покрај еквивалентниот пристап, примената на Упатството треба да биде целосно во согласност со Законот. Најважно е тоа да прашањата што ги регулира Агенцијата со ова Упатство, во поспецифичен сегмент да

се дефинираат правилата, инаку рамката, начинот како треба да се донесе ова Упатство е исклучиво во согласност со Законот. Тие минути кои се овде предвидени, се предвидени со член од Законот и затоа ова Упатство се носи согласно Законот што е најважно за нив како Совет. Понатаму дали ќе има измени на Законот, дали ќе има други законски решенија, дали ќе се донесе нов Закон или не, понатаму ќе се адаптираат на тоа, но најважно е да се почитува Законот.

Советот на Агенцијата со предложената техничката корекција едногласно го усвои Упатството за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за Претседателските избори и за изборите за градоначалници во Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година, со текст како што беше предложено.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk), со чија содржина радиодифузерите ќе бидат запознаени на јавен состанок организиран од Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето побара по завршување на седницата, Упатството коригирано со пречистен текст да се објави на веб страницата за да медиумите можат да се информираат и исто така да се прати електронски до сите медиуми, за да може секој од нив да го види и да постапуваат по него. Да имаат време денес на јавниот состанок кој е во 12:00 часот да постават прашања, за време на викенд убаво да го прочитаат и од понеделник да почнат со примена.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предложениот документ за Политика за медиумска писменост. Објасни дека Советот на Агенцијата на 13-та седница усвои Нацрт-политика за медиумска писменост. Согласно заклучоците од седницата беше отворена јавна расправа за документот и исто така беше пратен на сите членки на мрежата за медиумска писменост. Јавната расправа беше отворена до 24 март и во тој рок не пристигнаа забелешки или коментари во однос на документот. Разликата на овој документ во однос на нацрт верзијата се ситни технички корекции како што е проредот на зборовите и затоа има измена во бројот на страниците, но во содржината нема ништо менувано. Со оглед дека документот е изработен во рамки на проектот на ЈУФРЕКС кои заеднички го финансираат Европската комисија и Советот на Европа а документот беше изработен од г-дин Паоло Челот, по усвојувањето на документот, Советот на Европа ќе го публикува на три јазици, македонски, албански и англиски и потоа откако ќе стигнат печатените примероци ќе се направи промоција на Политиката за медиумска писменост.

Г-дин Петрушевски рече дека минатиот пат сите што дискутирале многу позитивно се изјасниле за овој документ. Ова е одлична работа и со задоволство ќе ја поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Политиката за медиумска писменост, со текст како што беше предложена.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот документ да го објави на веб страницата на Агенцијата

(www.avmu.mk) и на посебната веб страница за медиумска писменост (www.mediumskapismenost.mk).

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-1699/4
02-04-**2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**